# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

**(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 66/2024)**

## 1. Примена на законот како национален пропис

Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*) е подготвен врз основа на целосно хармонизирање со Директивата (ЕУ) 2019/633 на Европскиот парламент и на Советот од 17 април 2019 година за нефер трговски практики во односите меѓу претпријатијата во синџирот на снабдување со земјоделство и храна, кој треба да обезбеди примена на трговски практики во целокупниот синџир на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, како и во поглед на поширокиот опсег на неговиот предмет на уредување.

Во законот се уредени правилата и мерките за спречување на наметнување нефер трговски практики, кои отстапуваат од доброто трговско однесување, се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи со чие наметнување се искористува значителната преговарачка моќ на купувачот во однос на неговите добавувачи, постапките за утврдување нефер трговски практики, како и соработката помеѓу надлежните органи за спроведување на надзорот над примената на нефер трговските практики.

Според Законот, силата на супериорна преговарачка моќ е регулирана во прагови на остварен вкупен годишен приход од продажбата на производи и услуги искажан во годишната сметка и во годишниот финансиски извештај, односно билансот на успех на купувачот и добавувачот, кои детално се објаснети во членот 6 на законот.

Со тоа се ограничува злоупотреба на супериорната преговарачка моќ при регулирање на договорните односи.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

## 2. Мандаторни обврски

### На кого се однесува законот?

Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи(*), ги опфаќа сите учесници во синџирот на снабдување–, производители, откупувачи и/или преработувачи, трговци на големи и трговци на мало, во **договорни односи** односно (добавувачи и купувачи), како и јавните органи кои се купувачи, кои како правни или физички лице се основани во Република Северна Македонија.

### Што се подразбира под договорни односи?

Добавувачот и купувачот се должни да склучат писмен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи пред нивна испорака.

Договорот мора да содржи одредби за:
1) цената на земјоделскиот и/или прехранбениот производ и начинот на определување или пресметување на цената;
2) квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот;
3) условите и роковите за испорака на земјоделските и прехранбените производите кои се предмет на договорот;
4) условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехранбени производи;
5) местото на испорака на земјоделските и прехранбените производи;
6) времетраењето на договорот;
7) престанување и раскинување на договорот;
8) условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информации, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост и
9) висината на надоместоците кои се сметаат за фер трговски практики.

Кога ќе се склучи договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи помеѓу добавувач и препродавач треба задолжително да ги содржи истите одредби како договорот помеѓу добавувач и купувач и/или преработувач и не се дозволува отстапување или дерогирање на обврски од одредбите (горенаведени).

### Кои се роковите за плаќање на испорачани земјоделски и прехранбени производи?

– Роковите за плаќање на секој испорачан лесно расиплив земјоделски и прехранбен производ не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршување на договорениот период


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008 CERTIFICATE 20 100131300073

на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се платиo, независно дали се однесува за редовна испорака или не предвидува редовна испорака.

– Роковите за плаќање на секој испорачан друг земјоделски и прехранбен производ кој не се смета за лесно расиплив производ не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршување на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати, независно дали се однесува за редовна испорака или не предвидува редовна испорака.

**Кои забрани на нефер трговски практики се регулирани во законот?**

За нефер трговски практики во договорниот однос помеѓу купувачот и добавувачот се сметаат за забранети трговските практики, кога купувачот:

1. ги откажува нарачките на расипливи земјоделски и прехранбени производи во рок пократок од 30 дена од денот на нарачката, така што добавувачот не може разумно да очекува да најде алтернативен начин да ги пласира или да ги искористи тие производи;
2. еднострано ги менува условите на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи кои се вообичаени во однос на начинот, местото, времето или обемот на набавка или испорака на земјоделските и прехранбените производи, стандардите за квалитет, условите за плаќање или цените за давање услуги;
3. бара плаќања кои не се поврзани со продажбата на земјоделски и прехранбени производи на добавувачот;
4. бара плаќања за настаната штета и/или загуба на земјоделските и прехранбените производи кои се сместени во просториите на купувачот или откако сопственоста е пренесена на купувачот, а таквата штета или загуба не е предизвикана од небрежност или вина на добавувачот, освен ако производот е со скриена мана;
5. одбива писмено да ги потврди условите во договорот за снабдување за кој добавувачот побарал писмено да потврди, освен ако договорот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи опфаќа производи кои ги доставува член на организација на производители и задруга, до организацијата на производители чиј член е добавувачот, доколку одредбите во нивните статути имаат слични ефекти на условите на договорот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи;
6. незаконски ги стекнува, користи или открива деловните тајни на добавувачот;
7. се заканува на добавувачот дека ќе изврши дејствија на комерцијална одмазда доколку добавувачот ги искористи своите договорни и законски права, вклучително и поднесување барање до Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка или претставка или ќе соработува со Комисијата за заштита на конкуренцијата за време на постапката;
8. бара надомест за трошоците за спроведени истраги по поднесени жалби на потрошувачи во врска со продажбата на производи на добавувачот и покрај тоа што добавувачот нема вина или грешка;


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

9. еднострано ги брише производите од списокот на договорени производи кои добавувачот ги испорачува или значително ги намалува нарачките на поединечни земјоделски и прехранбени производи, без претходно писмено да го извести добавувачот во период пократок од 30 дена;

Овие нефер трговски практики, се сметаат за нетранспарентно намалување на количината и/или менување на условите во договорниот однос, условување при деловната соработка или одбивање односно менување на условите на склучување на договор, наметнување трошоци за истраги и жалби кои не се пропорционални на административните такси што треба да ги сноси и др.

**Дополнителни 18 забрани на нефер трговски практики се уредени во Законот, а воглавно се однесуваат на наплата на надоместоци од страна на купувачот:**

10. внесување нов земјоделски и прехранбен производ во продажната мрежа и за проширување на продажната мрежа на купувачот, уредување нови и преуредување на постоечките продажни места на купувачот, проширување на капацитетот за складирање кај купувачот и проширување на дистрибутивната мрежа на купувачот;
11. фиктивни услуги кои нема да се извршат, за кои нема причина освен одложување на рокот што веќе доспеал за плаќање;
12. склучување договор за снабдување со земјоделски и прехранбени производи;
13. условување за склучање на договори и деловни соработки за компензација на земјоделски и прехранбени производи и услуги;
14. да не продава добавувачот земјоделски и прехранбени производи на други купувачи по пониски цени од оние кои се договорени да ги плати купувачот, а добавувачот не смее да бара од купувачот да купува производи кои не ги бара;
15. намален приход на купувачот заради намалена продажба или маржа на одреден земјоделски или прехранбен производ;
16. испорака на земјоделски и прехранбени производи до местото на испорака или надвор од договореното место на испорака, освен во случаи кога купувачот врши сопствена дистрибуција со сопствени средства и ресурси наместо добавувачот;
17. истражување на пазарот, во однос на понудата и побарувачката на одредени земјоделски и прехранбени производи;
18. дополнителни анализи на квалитетот на земјоделски и прехранбени производи, освен ако со дополнителните анализи се утврди дека производот на добавувачот не го исполнува договорениот квалитет, во кој случај трошоците за дополнителните анализи не смеат да бидат повисоки од трошоците кои купувачот ги имал;
19. услуги што не се дадени;
20. ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски и прехранбени производи кои се испорачани без да ги плати или без да плати за отстранување на тие производи;
21. складирање, прикажување или ставање на земјоделски и прехранбени производи на полици на продажното место на купувачот;
22. целост или делумно да ги сноси трошоците за попусти на земјоделски и прехранбени производи кои се продаваат како дел од промоција;


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

23. рекламирање на земјоделски и прехранбени производи кои тој ги рекламира;
24. маркетинг на земјоделски и прехранбени производи кои тој ги спроведува;
25. персоналот за опремување на простории во кои се врши продажба на земјоделски и прехранбени производи на добавувачот и
26. други надоместоци и плаќања кои ги наметнува на добавувачот при склучување на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Во **точката 14)** јасно е наведено дека добавувачот несмее да бара од купувачот да купува производи кои купувачот не ги бара.

**Кај кои надоместоци е дозволено одреден исклучок и се сметаат за фер трговски практики?**

**Следните надоместоци добавувачот ќе ги одобри на купувачот**

- <u>надоместок за складирање или ставање на земјоделски и прехранбени производи на полици на продажното место на купувачот,</u>
- <u>надоместок за рекламирање на земјоделски и прехранбени производи кои ќе ги рекламира купувачот,</u>
- <u>надоместок за маркетинг на земјоделски и прехранбени производи,</u>
- <u>ангажирање на персонал за опремување на просториите на купувачот во кои се врши продажбата на земјоделски и прехранбени производи, и</u>
- <u>рабат</u>

Овие надоместоци се уредени во **точките 21), 23), 24) и 25)** на Законот. При склучување на договор за снабдување со земјоделски и прехранбени производи, добавувачот и купувачот се должни на јасен и недвосмислен начин да прикажат објективна и разумна проценка за трошоците и плаќањето по единица, или вкупно плаќање, според утврден ценовник на купувачот. Во ценовникот на купувачот треба да се наведени цените односно износите врз основа на кои ќе се пресметуваат надоместоците за наведените точки.

Висината на сите надоместоци вкупно не смее да биде повисока од **10%** од остварениот промет во тековната година, кои јасно ќе се искаже во договорите.

Во однос на **точката 22)** за фер трговска практика ќе се смета кога добавувачот ќе побара од купувачот во писмена форма на јасен и недвосмислен начин да се договори периодот на промоцијата (промотивна, акциска и сезонска продажба) и количината на земјоделски и прехранбени производи што ќе се нарачаат од добавувачот по намалена цена. На барање на добавувачот, купувачот има обврска да му достави податоци за продадените количини по намалена цена, по истекот на периодот на промоцијата. Доколку добавувачот на барање на купувачот има доставено количина поголема од количината која е продадена за време на промоцијата, купувачот мора да му ја плати на добавувачот разликата од испорачаната и продадената количина по редовна цена, без промоција.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008 CERTIFICATE 20 100131300073

**Точката 26) забранува други надоместоци и плаќања кои не се спомнати во законот, а се сметаат за забранети при склучување на договор.**

## 3. Опфат на земјоделски и прехранбени производи

Министерството за економија подготви Листа во која се опфатени земјоделски и прехранбени производи според тарифна ознака на опис на производ, кои се сметаат за лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи и кои не се сметаат за лесно расипливи прехранбени производи.

Земјоделските и прехранбените производи содржани во оваа листа, се производи кои се опфатени во Анекс I од Договорот за функционирање на Европската унија, како и производи кои не се во Анекс I но се преработени за употреба како храна со користење на производите наведени во тој Анекс I.

## 4. Надлежен орган за контролира на примената на Законот

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја контролира примената на одредбите од овој закон и поведува прекршочна постапка доколку се прекрши било која мандаторна одредба од Законот.

Прекршочна постапка се поведува:
- по службена должност или
- по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење прекршок.

Прекршочната постапка мора да заврши во рок од три месеци.

Решенијата за сторен прекршок се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

## Казни односно глоби

Онаму каде што ќе се утврди дека се прекршени одредбите на Законот, се одредува казна односно висина на глоба, дефинирајќи го нејзиното ниво и рокови за плаќање.

При изрекувањето на казните односно глоби, Комисијата за заштита на конкуренцијата ги зема предвид сите олеснителни и отежнувачки околности, како што се тежината, обемот и времетраењето на прекршокот и последиците што овој прекршок ги има врз добавувачите.

Законот предвидува казни за да ги елиминира практиките за нефер трговија, кои ги штитат учесниците во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи. Казните служат како казна за прекршителите, но во исто време обезбедуваат веродостојно одвраќање од повторување на ист или друг прекршок.

Во зависност од тежината и значењето на прекршувањето, Законот предвидува казни за најтежок прекршок и полесни прекршоци.

Највисокиот износ на казна за најтежок прекршок може да изнесува до 20.000 евра за голем трговец и од 350 до 500 евра за одговорното лице во правното лице кој е голем трговец.

Казните за полесни прекршоци зависат од тоа дали прекршокот го сторил правно или физичко лице. Највисокиот износ на казната **за** полесен прекршок што може да се изрече во постапка **е** 5.000 до 6.000 евра за голем трговец и 350 до 500 евра за одговорното лице во правното лице кој е голем трговец**.**

**Судска постапка**

Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се конечни. Против решенијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата го одлага извршувањето на решението

**5. Преоден период**

Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи(*) предвидува период од 6 месеци за добавувачите и купувачите кои склучиле договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи до денот на влегување во сила на овој закон да ги усогласат договорите со одредбите на овој закон односно не подоцна од 27 септември 2024 година. Во спротивно, тие договори ќе станат ништовни од 27 септември 2024 година.

Доколку рокот на склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи завршува додека трае преодниот период, добавувачот и купувачот се должни новиот договор да го склучат согласно одредбите на овој закон од причина што основот за трговски практики во деловното работење меѓу добавувач и купувач се одредбите во овој закон. На пример: ако рокот на склучен договор истекува на 5 април, од следниот ден треба договорните односи меѓу купувачот и добавувачот да се регулираат со нов договор кој ќе ги содржи одредбите од овој закон.

Доколку рокот на склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи завршил до денот на влегување во сила на овој закон, добавувачот и купувачот се должни да склучат договор согласно одредбите на овој закон.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073